# УЛОГАТА НА КЛИНИЧКИОТ ФАРМАЦЕВТ ПРИ УПОТРЕБАТА НА БИОСИМИЛАРИ

**Марија Трајчулески*[1,2], Кристина Христова[3], Катарина Смилков[1]**
[1]* Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип
[2]Агенција за лекови и медицински средства, Р. С. Македонија
[3] Фонд за здравствено осигурување на Р. С. Македонија
3

*Биосимилар (биолошки сличен лек) е биолошки лек со висока сличност со друг, веќе одобрен биолошки лек (референтен лек).*

*Биосимиларите не се генерички форми на оригиналните биолошки лекови.*

*Воведувањето на биосимилар лековите има за цел да се зголеми конкуренцијата меѓу производителите, да се намалат цените и да се олесни пристапот на скапи лекови до пациентите.*

Заменувањето на овие лекови и "комфорноста" за замена како кај генеричките лекови не е случај кај биосимиларите.

Добрите односи фармацевт-лекар-пациент имаат големо значење да се прифатат биосимиларите и да се потврди нивната сличност.

***Клиничкиот фармацевт ја има клучната улога во воведувањето и употребата на биосимиларите, со цел пред сè на следење на клиничкиот профил на овие лекови како и логистиката при снабдувањето, чувањето и нивната употреба.***

***И покрај бројните предизвици за употреба на биосимилар лековите, основна цел е обезбедување на сигурна, ефективна и економична употреба во клиничката пракса.***

Клиничките фармацевти имаат важна улога во едукацијата и пристапот до овие лекови, кај сите засегнати страни

*Прв симпозиум со меѓународно учество „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици" - Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип 23.9.2023 г.*